# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
# ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СИГУРНОСТ ВО ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СИСТЕМ

Член 1

Во Законот за сигурност во железничкиот систем („Службен весник на Република Македонија“ бр.48/2010, 23/2011, 53/2011 и 158/2011) во членот 13 став 10 зборовите: „пет лица’ се заменуваат со зборовите „шест лица“.

Член 2

Во член 28 став (1) алинеја еден зборовите: „една година“ се заменуваат со зборовите “шест месеци“.

По став 1 се додава нов став (2) кој гласи:

„ Условите од став (1) алинеја 1 и 4 од овој член, при добивање на дозвола не се однесува на кандидатите кои поседувале дозвола за управување со железничко возило издадена согласно Законот за безбедност во железничкиот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр.40/2007).“

Ставовите (2) и (3) стануваат ставови 3 и 4.

Член 3

Во членот 32 став (4) зборовите: „алинеја 2“ се заменуваат со зборовите: „алинеја 3“.

Во член 4

Во членот 34 став (2) точкта на крајот на ставот се брише и се додаваат зборовите:„ и веднаш го известуваат органот за сигурност, кој постапува согласно своите надлежности утврдени со овој закон“.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.